**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403- 191/7**
**Скопје, 11.03. 2008 година**

**ДО**

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Општина Ѓорче Петров Сметка за донации – „КАРИТАС“, за период од ноември 2005 до јули 2006 година, прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансискиот извештај на Сметка за донации – „КАРИТАС“, за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Сокол Митровски, Градоначалник на Општина Ѓорче Петров

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 25.12.2007 до 26.12.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.



***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 27.02.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на општина Ѓорче Петров за средствата на сметката на донации Каритас, под број 05-330/2 од 25.02.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Ѓорче Петров. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките на наодот од точка 10.1. не се прифаќаат од причина што ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање.

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. Службите на општина Ѓорче Петров немаат изготвено финансиски извештај (завршна сметка) за 2005 година, односно за секоја фискална година на Сметката за донации – „КАРИТАС“, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Непочитувањето на законската регулатива придонесува изготвениот финансиски извештај за период ноември 2005 до јули 2006 година, да не дава јасен и точен преглед на приходите и расходите, за секоја фискална година.
**Препорака:**
Одделението за сметководство да ги почитува одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и да го запазува принципот на извештајност.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точка 11.1. финансискиот извештај не ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за донации – „КАРИТАС“ на Општина Ѓорче Петров и резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Сметката за донации – „КАРИТАС“ на Општина Ѓорче Петров остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 03.03.2008 година** **Овластен државен ревизор**


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

----------------------------------

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ПРОЕКТ „КАРИТАС“**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 148 |
| **Вкупно приходи** | | **148** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.1 | 31 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 117 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **148** |
| **Вкупно расходи** | | **148** |